РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-81/1
15/01/2021 година
ДЕЛЧЕВО

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО со седиште во Делчево на улица Светозар Марковиќ бр.1,телефон за контакт:++389(0)33411-550,електронска пошта : info@delcevo.gov.mk, ijk@delcevo.gov.mk , Џулиета Мемедова службено лице задолжено за посредување и давање на информации од јавен карактер** го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
- **Џулиета Мемедова**,административен службеник,Самостоен референт за безбедност и здравје при работа со шифра на работно место УПР0101Г01000 распоредена во Одделение за управување со човечки ресурси

2. Број на примени барања;
*Бројот на **примени барања** за извештајниот период изнесува **35**(триесет и пет) предметни барања;

3. Број на позитивно одговорени барања;
*Бројот на **позитивно** одговорени барања изнесува **31**(триесет и едно) додека **2**(две)предметни барања се **делумно уважени**.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
*Бројот на одбиени барања изнесува 0(нула);

5. Број на неодговорени барања
*Бројот на **неодговорени барања** се вкупно **2(две)** и се пренесени за одговор во **2021** година бидејќи во нашата архива се евидентирани на 24.12.2020 година и 28.12.2020 година и согласно законската регулатива ќе биде постапепо по нив;

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;
*Бројот на усвоени жалби од Агенцијата изнесува **две(2).**
1.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-751 од 15.01.2020 година е уважена жалба од барателот на информацијата Здружението на граѓани Центарот за граѓански комуникации –Скопје поднесено до Општина Делчево со Наш архивски број 20-2341/1 од 05.12.2019 година,но по доставеното Известување со пропратна документација од страна на Општина Делчево со архивски број 20-134/2 од 22.01.2020 година, Агенцијата нема дадено понатамошни насоки како Општина Делчево да постапува и нема донесено акт за предметното барање, бидеќи може да се види дека Општина Делчево во одредениот законски рок ги испратила побраните информации до Барателот на информацијата Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации со Наш архивски број 20-2341/2 од 08.01.2020 година;

2.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-79 од 31.01.2020 година е уважена жалба на Барателот на информации АВТОФЕР ВОЗАЧ ДООЕЛ Делчево поднесено до Општина Делчево со Наш архивски број 20-204/1 од 19.03.2019 година,но по доставениот Известување и побараните акти Агенцијата ја нема продолжено постапката и Општина Делчево нема понатамошни насоки како да постапува.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата
*Бројот на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата изнесува **четири(4).**
1.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-610 од 04.02.2020 година се уважува жалбата на Невладината асоцијација –Здружение на граѓани за заштита на човековите права и слободи и праведно судење"Јустиција"Делчево.
По доставените препораки во Образложението на Решението,Општина Делчево постапи и по доставеното известување до Агенцијата со Наш архивски број 20-349/4 од 05.03.2020 година, Агенцијата нема дадено понатамошни насоки како Општина Делчево да постапува ниту има донесено акт по предметното барање;
2.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-613 од 04.02.2020 година се уважува жалбата на Невладината асоцијација –Здружение на граѓани за заштита на човековите права и слободи и праведно судење"Јустиција"Делчево.
По доставените препораки во Образложението на Решението,Општина Делчево постапи и по доставеното известување до Агенцијата со Наш архивски број 20-350/5 од 05.03.2020 година, Агенцијата нема дадено понатамошни насоки како Општина Делчево да постапува ниту има донесено акт по предметното барање;
3.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-152 од 12.02.2020 година се уважува жалбата на барателот АВТОВОЗАЧ ФЕР ДООЕЛ Делчево при што ,Општина Делчево постапи и по доставеното известување до Агенцијата со Наш архивски број 20-402/2 од 05.03.2020 година, Агенцијата нема дадено понатамошни насоки како Општина Делчево да постапува ниту има донесено акт по предметното барање .
4.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-102 од 21.05.2020 година се уважува жалбата на барателот АВТОВОЗАЧ ФЕР ДООЕЛ Делчево при што ,Општина Делчево постапи и по доставеното известување до Агенцијата со Наш архивски број 20-483/16 од 27.05.2020 година, Агенцијата нема дадено понатамошни насоки како Општина Делчево да постапува ниту има донесено акт по предметното барање .

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање
*Бројот на одбиени жалби по предметни барања од Општина Делчево изнесува **една(1).**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање
*Бројот на отфрлени жалби од Агенцијата се вкупно
1.Со Решение на Агенцијата со архивски број 08-112 од 07.05.2020 година се отфрла жалбата на Барателот на пристап на информации од јавен каракетр АВТО ВОЗАЧ ФЕР ДООЕЛ Делчево како **ненавремена**;

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**(Имател на информации-печат)**

**Џулиета Мемедова**
**(службено лице – потпис)**